**О П Ш Т И Н А   Д Е Л Ч Е В О**
**Градоначалник**
**Ул:,,М.М.Брицо,, бр. 40, Делчево**
**тел: 033/413-521    факс: 033/411 550**
**E-mail:opde@sonet.com.mk**

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

**Број 4**
**22.03.2012 година**

**Службен гласник на Општина Делчево**
**Излегува по потреба**

**Гласникот е бесплатен**

**Уредува**

**Одделение за човечки ресурси, правни и општи работи**

**Март, 2012**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ" бр.5/2002), Градоначалникот на Општина Делчево, на ден 22.03.2012 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување акти од 34.седница**
**на Советот на Општина Делчево**

Да се објават во „Службен гласник на Општина Делчево" актите што Советот на Општина Делчево ги донесе на својата 34.редовна седница која се одржа на ден 15.03.2012 година и нејзиното продолжение кое се одржа на ден 22.03.2012 и тоа:

1. Завршна сметка на Буџетот на Општина Делчево за 2011 година;
2. Одлука за усвојување на Завршната сметка на Општина Делчево за 2011 година;
3. Заклучок за усвојување на Годишниот Извештај за работењето на Општина Делчево за 2011 година;
4. Заклучок за усвојување на Буџетски календар за 2013 година;
5. Програма за одржување на јавната чистота во Општина Делчево за 2012 година;
6. Заклучок за усвојување на Завршна сметка на ОЈУДГ „Весели Цветови" – Делчево за 2011 година ;
7. Заклучок за усвојување на Завршна сметка на СОУ „М. М. Брицо"-Делчево за 2011 година;
8. Заклучок за усвојување на Завршна сметка на ООУ „Ванчо Прке"-Делчево за 2011 година;
9. Заклучок за усвојување на Завршна сметка на ООУ „Св. Климент Охридски" – Делчево за 2011 година ;
10. Мислење за изведување на екскурзија низ РМ со ученици од трето одделение;
11. Мислење за изведување на екскурзија низ РМ со ученици од шесто одделение;
12. Мислење за изведување на екскурзија низ РМ со ученици од осмо одделение;
13. Одлука за усвојување на Завршна сметка на ЈПКД „Брегалница" – Делчево за 2011 година;
14. Заклучок за усвојување на Годишен извештај за работењето на ЈПКД „Брегалница„ – Делчево за 2011 година;
15. Одлука за патрон празник на Општина Делчево;
16. Одлука за отуѓување на автобус сопственост на општина Делчево;
17. Одлука за начинот и условите за издавање под закуп на простории во зградата на Општина Делчево - Стар здравствен дом (амбуланта)

II. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл.гласник на Општина Делчево".

**Број 08-823/1** **ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**22.03.2012 год.** **Градоначалник,**
**Д е л ч е в о** **Горан Малешевски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на Р.М.”број 5/02) и член 33, точка 1 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Службен весник на РМ“ бр.61/04, 22/07, 67/07 и 156/09), Советот на Општина Делчево на својата 34. седница одржана на 15.03.2012 година, донесе

# З А В Р Ш Н А  С М Е Т К А
# НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО ЗА 2011 ГОДИНА

Член 1

Вкупниот износ на планираните и остварените приходи и расходи во 2011 година изнесуваат:

| | Планирани | Реализирани |
|---|---|---|
| ***Вкупни приходи*** | **96.816.680** | **88.682.405** |
| - даночни приходи | 27.773.000 | 30.888.977 |
| - неданочни приходи | 15.344.000 | 9.228.830 |
| - капитални приходи | 6.600.000 | 3.382.355 |
| - приходи од дотации | 23.495.000 | 23.502.770 |
| - трансфери | 22.305.000 | 20.038.134 |
| - донации | 2.299.680 | 1.641.339 |
| ***Вкупни расходи*** | **96.816.680** | **85.752.545** |
| - утврдени намени | 96.666.680 | 85.614.665 |
| - резерви | 150.000 | 137.880 |

Член 2

Салдото на сите сметки на Буџетот на Општина Делчево на 31.12.2011 година изнесува:

| | | |
|---|---|---|
| **-Салдо на 31-12-2011** | **2.929.860** | **денари** |
| Салдо основен буџет | 1.322.602 | денари |
| Салдо буџет дотации | 689.972 | денари |
| Салдо буџет самофинансирачки активности | 545.644 | денари |
| Салдо буџет донации | 371.642 | денари |

Разликата помеѓу остварените приходи и извршените расходи на основниот буџет во износ од 1.322.602 денари се пренесува како прилив на основниот буџет на општина Делчево за 2012 година.

Разликата помеѓу остварените приходи и извршените расходи на буџетот на дотации во износ од 689.972 денари се пренесува како прилив на буџетот на дотации на општина Делчево за 2012 година.

Разликата помеѓу остварените приходи и извршените расходи на буџетот на самофинасирачки активности во износ од 545.644 денари се пренесува како приход на буџетот на самофинансирачки активности на општина Делчево за 2012 година.

Разликата помеѓу остварените приходи и извршените расходи на буџетот на донации во износ од 371.642 денари се пренесува како приход на буџетот на донации на општина Делчево за 2011 година.

Член 3

Планираните и остварените приходи по извори и видови, односно планираните и извршените расходи по основни намени се искажани во билансите на приходи и расходи:

Член 4

Општиот дел на Завршната сметка на Буџетот на општина Делчево за 2011 година ќе се објави во "Службен гласник на општина Делчево".

**Број 07-706/1** — **Совет на општина Делчево**
**15.03.2012 година** — **Претседател,**
**Делчево** — **Николче Трајановски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ" бр.5/2002), Советот на Општина Делчево на својата 34.редовна седница, одржана на ден 15.03.2012 година, донесе

**ОДЛУКА**
**За усвојување на Завршната сметка**
**на Буџетот на Општина Делчево за 2011 година**

Член 1

Се усвојува Завршната сметка на Буџетот на ЕЛС делчево за 2011 година.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл. гласник на Општина Делчево".

**Број 07-707/1** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**15.03. 2012 Г.** — **Претседател,**
**Д е л ч е в о** — **Николче Трајановски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ" бр.5/2002), Советот на Општина Делчево, на својата 34.редовна седница, одржана на ден 15.03. 2012 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Годишниот извештај**
**на Општина Делчево за 2011 година**

1. Се усвојува Годишниот извештај на Општина Делчево за 2011 година.

2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево".

**Број 07-708/1** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**15.03. 2012 год.** — **Претседател,**
**Д е л ч е в о** — **Николче Трајановски, с.р.**

## БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР ЗА 2013 ГОДИНА

1.Советот на Општината го донесува **буџетскиот календар** во месец **ЈАНУАРИ-МАРТ.**

2.Министерот за финансии изготвува **извештај** и го доставува до **Владата** во месец **МАРТ.**

3.Советот на општината ја донесува или разгледува **фискалната стратегија** на општината во месец **МАРТ или АПРИЛ.**

4.Градоначалникот на општината ги утврдува главните **насоки за подготвување на финансисиките планови на општинските буџетски корисници**, во месец **МАЈ.**

5.Градоначалникот на општината ги доставува до **општинските буџетски корисници главните насоки за изготвување на финансисиките планови**, во месец **МАЈ.**

6.Општинските буџетски корисници ги доставуваат до општината своите **предлог буџетски пресметки - финансиски планови**, **со образложение за висината на износите во** месец **ЈУНИ-ЈУЛИ.**

7.Финансискиот оддел на општинската администрација ги **анализира барањата** на општинските буџетски корисници и го **известува** Градоначалникот за **основните параметри** (зголемени или намалени барања) во месец **АВГУСТ-СЕПТЕМВРИ.**

8.Министерот за финансии го доставува до општината **буџетскиот циркулар најдоцна до крајот на месец СЕПТЕМВРИ.**

9.Финансискиот Оддел на општинската администрација заедно со Градоначалникот на општината го **подготвуваат предлог-буџетот на општината** во месец **ОКТОМВРИ-НОЕМВРИ.**

10.Градоначалникот на општината **го доставува до Советот на општината предлог буџетот на општината** во месец **НОЕМВРИ.**

11.Советот на општината **го донесува буџетот** на општината за наредната година најдоцна **до крајот на месец ДЕКЕМВРИ.**

**Број 07-709/1**
**15.03.2012**
**Делчево**

**Совет на Општина Делчево**
**Претседател,**
**Николче Трајановски, с.р.**

Врз основа на член 12 од Законот за јавна чистота ("Службен весник на Р.М." бр. 111/08), член 7 од Одлуката за одржување на јавната чистота во Општина Делчево ("Службен гласник на Општина Делчево" бр.8 од 17.11.2008) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр. 5/02), Советот на Општина Делчево на продолжението на 34.седница одржано на ден 22.03. ја донесе следната:

# П Р О Г Р А М А
# ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНАТА ЧИСТОТА
# ВО ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО ЗА 2012 ГОДИНА

## ВОВЕД

Под поимот одржување на јавната чистота се подразбира чистење (миење и метење) на јавните површини и отворените простори на јавните објекти како и чистење на снег и мраз во зимски услови.

Со Програмата за одржување на јавната чистота се предвидуваат видот и обемот на работите што треба да се извршат, финансиските средства потребни за реализација како и временските рокови за извршување на работите и динамиката и начинот на извршување на работите.

Согласно Одлуката за одржување на јавната чистота во Општина Делчево донесена од Советот на Општина Делчево број 07-701/1 од 14.11.2008 година, одржувањето на јавната чистота во Општина Делчево го врши Јавното претпријатие за комунални дејности "Брегалница"-Делчево..

## ВИД И ОБЕМ НА РАБОТИТЕ

Со Програмата се предвидени работи за одржување на јавната чистота од следните јавни површини : улици, тротоари, плоштади, кејови, мостови, паркинг простори, пазаришен простор, пешачки патеки, парковски површини и градско зеленило и други уредени отворени простори.

Во одржување на јавната чистота ќе се извршуваат следните работи:

-Метење на улици, тротоари, пешачки патеки, паркинзи, пазаришен простор и други отворени јавни површини;

- Миење на улиците и јавните површини;

-Собирање и транспортирање на сметот од улиците, тротоарите и јавните површини, празнење на корпи за отпадоци, отстранување на атмосферски наноси;

-Чистење на снегот и мразот во зимски услови од тротоарите и јавните паркинг простори.

## ДИИНАМИКА, ВРЕМЕНСКИ РОКОВИ И НАЧИН НА ИЗВРШУВАЊЕ НА РАБОТИТЕ

Метењето на улиците и другите јавни површини (тротоари, пешачки патеки, паркинг простори) во централното градско подрачје, каде јавните површини се со густа фреквенција на движење ќе се врши секој работен ден во неделата освен во зимски услови при поголеми врнежи на снег кога ќе се врши чистење на снегот и мразот од тротоарите и пешачките патеки.

Во зависност од временскиот период во годината метењето на улиците ќе се врши:

- од 05.00 - 13.00 часот во периодот од 01.04 до 31.10 (летен период)
- од 07.00 - 15.00 часот во периодот од 01.11 до 31.03 (зимски период)

МЕТЕЊЕ НА УЛИЦИ И ЈАВНИ ПОВРШИНИ

| Р.бр | Улица-јавна површина | Површина м2 |
|---|---|---|
| 1 | ул."Маршал Тито" (Од Ветеринарна станица до касарна) | 3.400 |

| | | |
|---|---|---|
| **2** | ул."М.М.Брицо" (Од мостот на р.Брегалница - семафорите од двете страни на булеварот, до зграда на Општина Делчево ) | 3.200 |
| **3** | Булевар "Македонија" (Од АД Фротирка до Шумско стопанство ) | 4.500 |
| **4** | ул."Индустриска" (од спој со Бул.Македонија, улица кон пазар до ул."М.Тито) | 1.500 |
| **5** | ул."Н.Ј.Вапцаров" (Од "Дамјанов" -ОУ "Ванчо Прке´-Градски парк АСНОМ) | 1.800 |
| **6** | Кеј на Ослободување, (Од мостот до Градски стадион) | 1.500 |
| **7** | Градски пазар | 1.500 |
| **8** | Паркинг пред спомен дом АСНОМ | 1.200 |
| **9** | Паркинг пред Здравен дом | 850 |
| **10** | Детски игралишта во Милково брдо, Стар расадник и игралиште зад Стар пожарен дом | 1800 |
| | ВКУПНО: | 21.250 |

-Миењето на улиците ќе се извршува во летниот период (01.04 до 31.10) во временскиот интервал од 04-07 часот еднаш во неделата.

МИЕЊЕ НА УЛИЦИ

| **Р.бр** | **УЛИЦА** | **Површина м2** |
|---|---|---|
| **1** | Булевар "Македонија" (Од бензинска пумпа "Макпетрол" до раскрсница со ул. "Скопска) | 4.500 |
| **2** | ул."М.М.Брицо" (Од мостот на р.Брегалница - семафорите од двете страни на булеварот, до зграда на Општина Делчево ) | 3.200 |
| **3** | ул. "Маршал Тито" (Од Ветеринарна станица до касарна) | 3.400 |
| **4** | ул."Н.Ј.Вапцаров" (Од "Дамјанов" -ОУ "Ванчо Прке´-Градски парк АСНОМ) | 1.800 |
| **5** | ул. "Светозар Марковиќ" | 1.500 |
| | ВКУПНО: | 14.400 |

-Собирање на отпадоци од улиците, тротоарите и јавните површини, празнење на корпи за отпадоци, отстранување на наноси од атмосферски влијанија (песок, камен, кал, лисја и сл. по поројни дождови) се врши секој работен ден во годината.

УЛИЦИ И ПОВРШИНИ ОД КОИ СЕ СОБИРААТ ОТПАДОЦИ

| **Р.бр** | **Улица-јавна површина** | **Површина м2** |
|---|---|---|
| **1** | ул."Маршал Тито" | 3.400 |
| **2** | ул."М.М.Брицо" | 3.200 |
| **3** | Булевар "Македонија" | 4.500 |
| **5** | ул."Н.Ј.Вапцаров" | 1.800 |
| **6** | Градски парк АСНОМ | 3.500 |
| **7** | Градски пазар | 1.500 |
| **8** | Кеј на река Брегалница | 2.500 |
| | ВКУПНО: | 20.400 |

- Во зимски услови кога улиците се прекриени со снег и е оневозможено редовното метење на улиците и јавните површини опфатени со оваа Програма ЈПКД "Брегалница" -

Делчево ќе врши чистење на снегот од тротоарите и нивно посипување со сол и песок во централното градско подрачје како и кај детските установи, пешачки премини, мостовите, паркиралишта и сите други прометни јавни површини во градот.

Чистењето на снегот пред објектите (пристапот до самиот објект) е обврска на самите корисници и спственици на објектите.

Во зимски услови ќе се врши чистење на снегот и мразот од следните јавни површини:

ЧИСТЕЊЕ НА СНЕГ И МРАЗ ВО ЗИМСКИ УСЛОВИ

| **Р.бр** | **Јавна површина** | **Површина м2** |
|---|---|---|
| **1** | Тротоари на ул."Маршал Тито" | 2.500 |
| **2** | Тротоари на ул."М.М.Брицо" | 2.500 |
| **3** | Тротоари на Булевар "Македонија" | 2.500 |
| **4** | Тротоар на ул."Индустриска" | 500 |
| **5** | Тротоар на ул."Светозар Марковиќ" | 500 |
| **6** | Кеј на Ослободување, (десниот тротоар гледано кон Градски стадион) | 1.500 |
| **7** | Паркинг пред спомен дом АСНОМ | 1.500 |
| **8** | Паркинг пред Здравен дом "Гоце Делчев" | 900 |
| **9** | Градски пазар | 1.500 |
| **10.** | Тротоар Пред Дом на пензионери | / |
| | | |
| | ВКУПНО: | 13.900 |

ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА РАБОТИТЕ

ПРЕГЛЕД

На потребни финансиски средства за спроведување на програмата за одржување на јавната чистота во Општина Делчево за 2012 година

| Р.б | Позиција | Ед. мера | Количина (повт во год) | Ед. цена | Вкупна цена |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Метење на улици и јавни површини-секојдневно (282 дена во година) | м2 | (19.450x282) 5.484.900 | 0,25 | 1.371.225,00 |
| 2. | Собирање отпадоци од јавни површини-секојдневно 282 д. | м2 | (20.400x282) 5.752.800 | 0,15 | 862.920,00 |
| 3 | Чистење на снег и мраз во зимски услови-зимски период | м2 | 13.900 | 8,50 | 319.750,00 |
| 4. | Набавка и поставување на улични корпи за отпадоци | бр. | 20 | 3.000,00 | 60.000,00 |
| | | | | ВКУПНО: | 2.613.895 |

ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ

| Р.б | ПРИХОДИ | Износ во денари |
|---|---|---|
| 1 | Надомест за јавна чистота од домаќинства | 1.350.000,00 |
| 2 | Надомест за јавна чистота од правни лица | 360.000,00 |
| 3 | Средства од Буџет на Општина Делчево | 903.895,00 |
| | ВКУПНО | 2.613.895,00 |

Наплатата на надоместокот за одржување на јавната чистота ќе ја врши ЈПКД "Брегалница"-Делчево преку доставување на сметките за собирање и транспортирање на комунален отпад.

Надоместокот за одржување на јавната чистота на сметката ќе се прикажува одвоено.

Средствата собрани од надоместокот за одржување на јавната чистота се приход на буџетот на Општина Делчево и се користат за финансирање на оваа Програма.

Пренесувањето на средствата од буџетот на Општина Делчево на давателот на услугата ЈПКД "Брегалница"-Делчево ќе се врши врз основа на склучен договор по доставени месечни фактури за извршени работи од страна на ЈПКД "Брегалница"-Делчево.

**Бр 07-710/1** — **Совет на Општина Делчево**
**22.03.2012 год.** — **Претседател,**
**Делчево** — **Николче Трајановски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ" бр.5/2002), Советот на Општина Делчево, на својата 34.редовна седница, одржана на ден 15.03. 2012 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**За усвојување на Завршната сметка**
**На ОЈУДГ „Весели Цветови" – Делчево**

1. Се усвојува Завршната сметка на ОЈУДГ „Весели Цветови" – Делчево и тоа:

- на сметката 7200102259787-10
- на сметката 7200102259903-14
- на сметката 7200102259603-12
- на сметката 1500102259603-14
- на сметката 1500102259785-14
- на сметката 7200102259875-12
- на сметката 7200102259785-27

2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево".

**Број 07-711/1** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**15.03. 2012 год.** — **Претседател,**
**Д е л ч е в о** — **Николче Трајановски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002), Советот на Општина Делчево, на продолжението на 34.редовна седница, одржано на ден 22.03. 2012 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**За усвојување на Завршната сметка**
**На СОУ „М.М.Брицо"Делчево**

1. Се усвојува Завршната сметка на СОУ "М.М.Брицо – Делчево и тоа:
- буџетска сметка 1600-105-371-603-14
- наменска буџетска сметка 7200-105-371-903-10
- сметката за сопствени приходи 7200-105-371-787-15

2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево".

**Број 07-712/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**22.03. 2012 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Николче Трајановски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ" бр.5/2002), Советот на Општина Делчево, на продолжението на 34.редовна седница, одржана на ден 22.03. 2012 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**За усвојување на Завршната сметка**
**на ООУ „Ванчо Прке"Делчево**

1. Се усвојува Завршната сметка на ООУ "Ванчо Прке" – Делчево за 2011 година и тоа:
- наменска сметка 720 010 543 690 314
- сметка за плати и надоместоци 160 010 543 660 319
- сметката за сопствени приходи 720 010 543 678 710

2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево".

**Број 07-713/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**22.03. 2012 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Николче Трајановски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ" бр.5/2002), Советот на Општина Делчево, на продолжението на 34.редовна седница, одржано на ден 22.03. 2012 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**За усвојување на Завршната сметка**
**на ООУ Св. „Климент Охридски"Делчево**

1. Се усвојува Завршната сметка на ООУ Св."Климент Охридски" – Делчево за 2011 година и тоа:

- буџетска сметка
- наменска буџетска сметка
- сметката за сопствени приходи

2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево".

**Број 07-714/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**22.03. 2012 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Николче Трајановски, с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („ Сл. Весник на РМ" бр. 5/2002) и Барањето на мислење на Програми за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности во ООУ „Св.Климент Охридски"-Делчево, бр.03-96/1 ОД 07.03.2012 година,а согласно член 7 став 1 од Правилникот за начинот за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од основните училишта, Советот на Општина Делчево, на продолжението на 34.редовна седница, одржана на ден 22.03.2012 година, го дава следното

**МИСЛЕЊЕ**
**на Програмата за изведување на ученичка екскурзија**
**низ РМ за ученици од трето одделение**
**при ООУ „Св.Климент Охридски" – Делчево**

1.Советот на Општина Делчево дава позитивно Мислење на
на Програмата за изведување на ученичка екскурзија низ РМ за ученици од трето одделение при ООУ „Св.Климент Охридски" – Делчево

2. Мислењето да се достави до Училишниот одбор на ООУ „Св.Климент Охридски" – Делчево.

**Број 07-715/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**22.03. 2012 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Николче Трајановски, с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („ Сл. Весник на РМ" бр. 5/2002) и Барањето на мислење на Програми за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности во ООУ „Св.Климент Охридски"-Делчево, бр.03-95/1 ОД 07.03.2012 година,а согласно член 7 став 1 од Правилникот за начинот за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од основните училишта, Советот на Општина Делчево, на продолжението на 34.редовна седница, одржано на ден 22.03.2012 година, го дава следното

**МИСЛЕЊЕ**
**на Програмата за изведување на ученичка екскурзија**
**низ РМ за ученици од шесто одделение**
**при ООУ „Св.Климент Охридски" – Делчево**

1.Советот на Општина Делчево дава позитивно Мислење на
на Програмата за изведување на ученичка екскурзија низ РМ за ученици од шесто одделение при ООУ „Св.Климент Охридски" – Делчево

2. Мислењето да се достави до Училишниот одбор на ООУ „Св.Климент Охридски" – Делчево.

**Број 07-716/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**22.03. 2012 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Николче Трајановски, с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („ Сл. Весник на РМ" бр. 5/2002) и Барањето на мислење на Програми за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности во ООУ „Св.Климент Охридски"-Делчево, бр.03-103/1 ОД 09.03.2012 година,а согласно член 7 став 1 од Правилникот за начинот за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од основните училишта, Советот на Општина Делчево, на продолжението на 34.редовна седница, одржано на ден 22.03.2012 година, го дава следното

**МИСЛЕЊЕ**
**на Програмата за изведување на ученичка екскурзија**
**низ РМ за ученици од осмо одделение**
**при ООУ „Св.Климент Охридски" – Делчево**

1.Советот на Општина Делчево дава позитивно Мислење на
на Програмата за изведување на ученичка екскурзија низ РМ за ученици од осмо одделение при ООУ „Св.Климент Охридски" – Делчево

2. Мислењето да се достави до Училишниот одбор на ООУ „Св.Климент Охридски" – Делчево.

**Број 07-717/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**22.03. 2012 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Николче Трајановски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 9 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ" бр.5/2002), Советот на Општина Делчево, на продолжението на 34.редовна седница, одржана на ден 22.03.2012 година, донесе

**ОДЛУКА**
**За усвојување на Завршната сметка**
**На ЈПКД „Брегалница" – Делчево за 2011 година**

Член 1

Со оваа Одлука се усвојува Завршната сметка на ЈПКД „Брегалница" – Делчево за 2011 година.

Член 2

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево".

**Број 07-718/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**22.03.2012 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Николче Трајановски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 9 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002), Советот на Општина Делчево, на продолжението на 34.редовна седница, одржано на ден 22.03. 2012 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**За усвојување на Годишниот извештај за работењето**
**на ЈПКД „Брегалница" – Делчево за 2011 година**

1.Се усвојува Годишниот извештај за работењето на ЈПКД „Брегалница" – Делчево за 2011 година.

2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево".

**Број 07-719/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**22.03. 2012 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Николче Трајановски, с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ" бр.5/2002) и Барање од МПЦ – Охридска архиепископија Брегалничка православна епархија, Православен митрополит Брегалнички бр.07-597/1 од 06.03.2012 година, Советот на Општина Делчево, на својата 34.редовна седница, одржана на ден 15.03.2012 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за патрон празник на Општина Делчево**

Член 1

Со оваа Одлука 24 Мај- Денот на македонските просветители се прогласува за патрон празник на Општина Делчево, а светите Кирил и Методиј се прогласуваат за патрони и заштитници на Општина Делчево.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл. гласник на Општина Делчево".

**Број 07-720/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**15.03.2012 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Николче Трајановски, с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ" бр.5/2002), член 2 и 3 од Правилникот за условите и начинот за продажба и давање на користење на ствари во сопственост на Општина Делчево бр. 07-461/1, како и Одлуката за измени и дополнување на Правилникот за условите и начинот за продажба и давање на користење на ствари во сопственост на Општина Делчево бр. 07-546/1 од 23.02.2012, а во согласност со Договорот за донација бр.08-10/1 од 03.01.2012 година, Советот на Општина Делчево, на својата 34.редовна седница, одржана на ден 15.03. 2012 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за отуѓување на автобус**
**сопственост на Општина Делчево**

Член 1

Се отуѓува автобус сопственост на Општина Делчево.

Член 2

Автобусот од член 1 на оваа одлука е со следните податоци:
-Број на шасија: VO390088/0784
-Број на мотор: 1011887/155
-Марка: IKARUS
-тип: IK 111P
-Година на производство:1988
-Сила на мотор:162KW

-Работна зафатнина на мотор:-cm3
-Маса на празно возило:-kg
-Места за седење:24
-Места за стоење:88
-Боја на каросерија: 74 црвена и 45 крем
-Регистарска ознака: SK-664-LB

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл. гласник на Општина Делчево".

**Број 07-721/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**15.03. 2012 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Николче Трајановски, с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа од Правилникот за условите и начинот за продажба и давање на користење на ствари во сопственост на Општина Делчево бр. 07-461/1, како и Одлуката за измени и дополнување на Правилникот за условите и начинот за продажба и давање на користење на ствари во сопственост на Општина Делчево бр. 07-546/1 од 23.02.2012, Советот на Општина Делчево, на својата 34.редовна седница, одржана на ден 15.03. 2012 година, донесе

**ОДЛУКА**
**За начинот и условите за издавање на простории во Зградата на Општина Делчево (Стар здравствен дом - амбуланта)**

Член 1

Со оваа Одлука се утврдуваат начинот и условите за издавање под закуп на простории во зградата на Општина Делчево - Стар здравствен дом (амбуланта), на ул. „М. М.Брицо" бр.40 во Делчево.

Член 2

Општина Делчево е сопственик на вкупно 15 простории со вкупна површина од 270 м2, од кои ќе се издаваат 14 простории и тоа:

1.На приземје 3 простории
-просторија 1 со површина од 10,26 м2
-просторија 2 со површина од 19,44м2
-просторија 3 со површина од 14,41 м2
2. На кат 11 простории
-просторија 1 со површина од 9,55 м2
-просторија 2 со површина од 11,88 м2
-просторија 3 со површина од 18,79 м2
-просторија 4 со површина од 11,27 м2
-просторија 5 со површина од 12,89м2
-просторија 6 со површина од 11,03 м2
-просторија 7 со површина од 20,18 м2
-просторија 8 со површина од 40,93 м2

-просторија 9 со површина од 19,28 м2
-просторија 10 со површина од 18,84 м2
-просторија 11 со површина од 20,12 м2

Член 3

За издавање на просториите сопственост на Општина Делчево се утврдува надоместок по 3 евра/м2 во денарска противвредност.

Просториите ќе се издаваат под закуп по поднесено барање од страна на странката, а предност при издавањето на просториите ќе имаат подрачните единици на министерствата и други државни институции.

Член 4

За секоја издадена просторија под закуп Општина Делчево и закупецот ќе склучат меѓусебен Договор за закуп со кој ќе бидат регулирани сите меѓусебни права и обврски.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево„.

**Број 07-722/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**15.03.2012 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Николче Трајановски, с.р.**